‚Намазот и оние што се под ваша одговорност!‘

Енес, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Најчестата и последна препорака (завет) на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, додека беше на смртна постела, беше: ‚Намазот и оние што се под ваша одговорност!‘ Постојано повторуваше: ‚Намазот и оние што се под ваша одговорност!‘ Толку често го повторуваше тоа, што зборовите му излегуваа со тешкотија од градите, а јазикот одвај ги изговараше.“

[صحيح] [رواه النسائي في السنن الكبرى وابن ماجه]

Најчестата препорака на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, до неговиот умет во последните моменти од неговиот живот – додека лежеше на смртната постела – беше: „Придржувајте се кон намазот, чувајте го и не бидете немарни кон него!“ Исто така, ги советуваше муслиманите да ги исполнуваат правата на оние што се под нивна одговорност – робови и робинки – и да постапуваат со нив на праведен и добар начин. Тој тоа постојано го повторуваше, сè додека гласот не почна да му се гуши во грлото, а јазикот одвај ги изговараше зборовите.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66359